До Државната комисија за спречување на корупцијата преку контакт формата на web страна на Државната комисија доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.

**Согласно предвидените забрани за вршење на други дејности, како и предвидените ограничувања за вршење на дејност за време на вршење на функцијата во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои законска пречка лицето, претседател на Здружение воедно и вработена во општина Валандово преку Агенција за привремени вработувања да користи финансиска поддршка од општина.**

**Од друга страна, Државната комисија укажува на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои треба да ги има во предвид службеното лице  и да ги почитува додека има статус на службено лице и тоа:**

Ограничувања во соработката со правни лица е предвидено со член 51 од истиот закон:
„(1) Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или

член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.
(2) Ако службеното лице постапи спротивно на ставот (1) на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи.“

Со член 67 од истиот закон е предвидено следното:
„(1) Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.
(2) Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени како работи од јавен интерес, се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, здруженијата и фондациите.“

Исто така, лицето, вработено во општината, потребно е во предвид да го има и Начелото на интегритет и тоа:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.“

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**